18.03.2021

ППНИ.бр.39/21

ОСНОВЕН СУД ШТИП преку Судија Мери Гичева одлучувајќи по приговорот на должникот Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип против Налогот за извршување И бр.610/21 од 22.07.2021 година на Извршител Николчо Саздов од Св.Николе именуван за подрачјето на Основен суд Штип и Свети Николе, на ден 05.08.2021 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот од должникот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип со ЕМБС 5096847 и ЕДБС 4029996110063 против Налогот за извршување И бр.610/21 од 22.07.2021 година на Извршител Николчо Саздов од Свети Николе именуван за подрачјето на Основен суд Штип и Свети Николе - ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

СЕ ЗАДОЛЖУВА должникот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип на доверителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва да му ги надомести трошоците во постапката во износ од 56.724,00 денари во рок од 8 дена по правосилноста на ова решение.

О б р а з л о ж е н и е

Должникот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип против Налогот за извршување И бр.610/21 од 22.07.2021.2021 година на Извршител Николчо Саздов од именуван за подрачјето на Основен суд Штип и Свети Николе до овој суд поднесе приговор.

Во приговорот е наведено дека на ден 22.07.2020 година извршителот донел налог за извршување И.бр.610/2021 врз основа на чл.210 с.1 од ЗИ кој се наложува носителот на платен промет врз основа на наведениот налог, а донесен по барање на доверителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва врз основа на извршна исправа П-4.бр.78/15 од 18.01.2016 година на ОС Штип и Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година на АС Штип од сметката на должникот Винарска визба Имако вино ДООЕЛ Штип на сметката на извршителот, а во име и за сметка на доверителот согласно чл.210 од ЗИ и да пренесе паричен износ на име главен долг, камата, парнични и извршни трошоци. Наведува дека при донесување на налогот извршителот поистапил спротивно на чл.17 од ЗИ бидејќи извршната исправа по која е спроведено извршувањето не е подобна за извршување затоа што во пресудите доставени кон барањето за извршување кои се основа за извршување не се наведени податоци за тужителот поради што и не може со сигурност да се тврди дека станува збор за исто правно лице наведено во споменатите пресуди и барањето за извршување, во пресудите не се наведени податоците на тужителот кои се наведени во барањето за извршување со кои би морало да се изврши негова идентификација затоа што во пресудите освен име презиме и држава не постои апсолутно никаква дополнителна идентификација на тужителот за да може со сигурност да се утврди дека станува збор за истото лице кое е наведено во барањето за извршување бидејќи во пресудите

недостасуваат податоцина адреса на живеење, број на пасош, место на раѓање, место на живеење или било какви други податоци со кои може правилно да се идентификува тужителот, па наведените пресуди се неподобни за извршување. Се наведува дека постои несовпаѓање и помеѓу налогот за извршување и барањето за извршување, затоа што во барањето стои Владислав Михаилович Втулкин, а во налог Владимир Михаиловиќ Втулкин. Наведува дека пресудите се наподобни бидејќи во нив во општо не е наведен видот и обемот, односно начинот и обврската на тужените, па така нејасно е кој од тужените каква штета му причинил на тужителот и во кој износ треба да му биде надоместена за да може извршителот да спроведе присилна наплата на определен износ. Затоа што ниту во првостепената, ниту во второстепената пресуда тужените не се тужени како солидарни должници ниту пак се задолжени да ја надоместат штета како солидарни должници, па во услови кога второтуженио е избришан од трговскиот регистар и престанал да постои доверителот не може да бара целокупниот износ да биде наплатен од првотуженио. Ниту тужителот барал тужените штетата да ја надоместат како солидарни должници, ниту такво нешто е наведено во пресудите, а ЗИ дава можност за солидарна одговорност само доколку истите одговараат солидарно според извршната исправа што во дадената ситуација секако не е случај, па се поставува прашањето како извршителот го утврдил обемот на исплата само од едниот должник. Се наведува дека извршителот сторил незаконитости во извршувањето бидејќи и самото барање за извршување не ги содржи сите потребни документи за да може да се постапува по истото па како такво барањето требало да биде отфрлено. Затоа што кон барањето не е доставен доказ за лична идентификација, копија од пасош со цел да може да се потврди дека станува збор за истото лице наведено во пресудите и барањето за извршување, постои евидентна разлика во потписот на властодавецот, во полномошото за застапување и полномошнот за поднесување на ова барање за извршување во кој не е наведен датумот за издавање на полномошното, па се поставува прашањето дали ова полномошно е веродостојно. Во барањето не е наведено колкав износ треба да се исплати од страна на должникот,ниту пак е наведено на која сметка треба да биде исплатен износот. Бидејќи недостасуваат податоци за начинот на исплатата, обемот на исплата, а барањето е поднесено и против должник кој не постои и е избришан од трговскиот регистер уште пред да се поднесе барањето за извршување. Бидејќи барањето за извршување од 21.07.2021 година не ги содржи за да може да се постапува по истото, па како такво согласно чл.10 од ЗИ в.в. чл.101 ст.1 од ЗПП извршителот бил должен да го отфрли. Предлага судот да донесе решение со кое ке го усвои приговорот, ке ги утврди сторените незаконитости и ке ги стави вонсила превземените извршни дејствија согласно налогот за извршување И.бр.610/21 од 22.07.2021 година на извршител Николчо Саздов од Свети Николе и ке го задолжи доверителот со трошоци во постапката. За состав на приговор во износ од 55.224,00 денари со вклучен ДДВ и такса за приговор во износ од 24.000,00 денари.

Извршителот достави одговор на приговорот во кој истакнува дека се неосновани тврдењата на должникот во поднесениот приговор од следните причини: до него како извршител е поднесено барање за извршување од доверителот Владислав Михаилович Втулкин преку

полномошник Адвокат Ненад Јаниќевиќ врз основа на извршна исправа П-4.бр.78/15 од 18.01.2016 година на ОС Штип и Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година на АС Штип, против должник винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и ТД ТПУ Имако ДОО увоз-извоз Штип за спроведување на извршување во вредност од 1.915.458,00 Евра, постапувајќи по барањето на ден 22.07.2021 година врз основа на чл.210 ст.1 од ЗИ донел налог за извршување И.бр.610/2021, постапувајќи по барањето донел заклучок И.бр.610/2021 од 22.07.2021 година за одбивање на барање за извршување спрема должникот ТД ТПУ Имако ДОО Увоз-извоз Штип бидејќи должникот престанал да постои преку извршување на барањето за извршување, па налогот за извршување И.бр.610/2021 од 22.07.2021 година е спрема должникот винарска визба Имако вино ДООЕЛ Штип за износ согласно пресудата во висина од 1.915.458,00 Евра со камата од 27.07.2005 година и овој износ е наведен во налогот за извршување. Наведува дека точно е дека во извршните исправи не е наведено дека долгот треба да го платат, солидарно, но исто така наведува дека ако еден од должниците престане да постои дека долгот на другиот должник ке се намали, точно е определено дека се задолжуваат тужените винарска визба Имако вино ДООЕЛ Штип и ТД ТПУ Имако ДОО увоз извоз Штип да платат износ од 1.915.458,00 Евра со камата, па тој како извршител не го определува износот што треба да го платат должнциите. Наведува дека наводите во приговорот за полномошно е неоснован од причина што во извршниот предмет постои полномошно за постапување. Предлага приговорот по должникот да биде одбиен како неоснован. Во прилог на приговорот приложи и докази.

Одговор на приговор достави и доверителот преку неговиот полномошник во кој наведува дека приговорот треба да биде одбиен во целост како неоснован бидејќи извршителот издавајќи го оспорениот налог постапил во целост со одредбите од ЗИ и позотивните законски прописи и не сторил никакви незаконости во постапката за извршување затоа што извршните исправи ги содржат сите податоци согласно чл.17 од ЗИ за да може извршителот да постапи по истите во нив се назначени доверителот и должниците, како и предметот, видот, обемот и времето на исполнување на обврската, станува збор за правосилни и извршни судснки одлуки, а во претставките на судовите во истите се донесени се приложени докази за идентификација на странките врз основа на кои судовите ги донеле предметните пресуди извршните исправи. Неосновани се наводите на должникот дека извршните исправи се неподобни бидејќи изреката на извршната исправа пресудата П-4.бр.78/15 од 18.01.2016 на ОС Штип е јасна и децидна, со истата се задолжуваат тужените на тужителот да му ја надоместат штета што неспорно укажува дека и двајцата должници одговараат соидфарно за обврската и двајцата должници истовремено се задолжени солидарно со обврската согласно извршната исправа. На ова укажува и самиот факт што во пресудата не е наведено поединечно за кој должник колку изнесува делот од обврската укажува на претпоставената солидарна обврска на тужените како должници и на фактот дека се работи за неделива и солидарна обврска на тужените кон тужителот доколку некој од нив би имал определен дел од обврската кон тужителот тоа неспорно би било наведено од судот во пресудите. Наведува дека извршителот согласно чл.195 ст.1 од ЗОО во никој случај ниту можел, ниту смеел

самоиницијативно да ја дели обврската меѓу должниците бидејки обврската во извршните исправи гласи и на двајцата тужени, па чл.195 од ЗОО утврдува претпоставена солидарна одговорност за надомест на штета од сите учесници, па според правилата од солидарна одговорност оштетениот има право да бара од било кој од штитниците надомест на целокупниот износ на штетата независно од степенот на нивното учество во нејзиното предизвикување, па согласно чл.402 ст.1 од ЗОО доверителот може да го бара нејзиното исполнување од кого сака се додека не ке биде наполно исполнета. Наведува дека фактот што второтуженият е извршиан во трговскиот регистер не може да претпостаува ослободување на првотуженият од обврската или дел од обврската која ја има кон тужителот, па законската одредба од чл.187 од ЗПП на која се повикува должникот не може да најде примена во конкретниот случај бидејки таа одредба се однесува на алтернативно тужбено барање на тужителот кон нареден тужен доколку судот го одбие тужбеното барање спрема тужителот пред него, а во конкретниот случај не е така во предметните извршни исправи, па кога второтуженият како должник е избришан од трговскиот регистар и од него не може да се намири побарувањетои од доверителот извршувањето во целостен обем од должникот кој располага со имот за наплата на целокупното побарување, па од тие причини извршителот постапил во целост согласно законските одредбио кога го спровел извршувањето во целосен обем од должникот од кој можел да се намири побарувањето, а тоа е првотуженият Имако вино ДООЕЛ Штип. Наведува дека наводите во приговорот барањето не ги содржи сите потребни елементи бидејки кон барањето се поднесени извршните исправи во оригинал, уредното полномошно од тужителот за полномошникот со што во целост се исполнети сите законски претпоставки за издавање на стореният налог за извршување.

Судот постапувајќи по приговорот, го разгледа приговорот и доверителот со доказите во прилог на истите, па по оцена на истите одлучи како во изреката на решението од следните причини:

Согласно член 12 од Законот за извршување - Извршни исправи се:1) извршна судска одлука и судско порамнување, а согласно член 13 ст.1 - Како судска одлука во смисла на овој закон се смета пресуда, решение, платен и друг налог на судовите, на избраните судови и на арбитражите, а како судско порамнување се смета порамнувањето склучено пред тие судови.

Согласно член 14 од ЗИ - Судската одлука е извршна ако станала правосилна и ако истекол рокот за доброволно исполнување на должниковата обврска.

Согласно чл.17 од ЗИ ивршната исправа е подобна за извршување ако во неа се назначени доверителот и должникот, како и предметот, видот, обемот и времето на исполнувањето на обврската.

Согласно член 23 од ЗИ - Против два или повеке должници кои солидарно одговараат според извршната исправа, извршителот може да донесе налози за извршување за секој должник посебно.

Согласно член 24 од ЗИ - Извршувањето заради остварување на парично побарување миоже да се изврши само со продажба на подвижни предмети, продажба на недвижности, продажба на хартиии од вредност и удели во трговските друштва, пренос на парично побарување.

претварање на пари во други имотни права и пренос на средствата што се водат на сметките на носител на платен промет согласно со прописите за платен промет.

Согласно чл.98 од ЗПП подесоците мора да бидат разбирливи и да содржат име на судот означување на судот, име и презиме поткрепени за доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на странките, односној фирмата и седиштето на правното лице запишани во ЦР на РМ или друг регистер поткрепени со доказ од соодветниот регистер, а согласно чл.99 од ЗПП поднесоците што треба да се достават од спротивната странка му се предаваат на судот во доволен број примероци за судот и на спротивната странка. Така треба да се постапи и кога со поднесокот се однесуваат прилози.

Од увидот во извршната исправа - пресуда на ОС Штип П-4.бр.78/15 од 18.01.2016 година и пресуда на АС Штип Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година се утврди дека со споменатата второстепена пресуда е потврдена пресудата на Основниот суд во целост, првостепената пресуда е правосилна на ден 03.06.2021 година, а извршна на 01.07.2021 година со овие судски одлуки-пресуди како извршна исправа се задолжени тужените-должници винарска визба Имако вино ДООЕЛ Штип и ТД ТПУ Имако вино ДОО увоз-извоз износ од 1.915.458,00 Евра со домицилна камата како штета да му ја надоместат на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, а со овој износ на име штета тужените биле задолжени да го надоместат во рок од 8 дена од правосилноста на пресудата, односно судот утврди дека оваа исправа е подобна за извршување бидејќи се назначени доверителот, должникот предметот, видот, обемот и времето на исполнување на обврската.

Од увидот во барањето за извршување до Извршителот Николчо Саздов од Свети Николе од 21.07.2021 година се утврди дека овој поднесок како иницијален акт за поведување на постапка за извршување заради присилна наплата поради парично извршување ги содржи сите елементи и податоци од чл.98 и 99 од ЗПП, кон барањето за извршување се доставени пресудите како извршна исправа бидејќи без нивно доставување извршителот не би бил во можност да го издаде оспориниот налог за извршување.

Од увидот во извршните исправи се утврди дека во изреката врз основа на која се спроведува извршувањето е наведено дека: се задолжуваат тужените винарска визба Имако вино ДООЕЛ Штип и ТД ТПУ имако ДОО увоз извоз Штип на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 Евра со камата во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата, оваа изрека упатува на солидарна одговорност на должниците за обврската спрема доверителот, укажува на фактот дека станува збор за неделлива солидарна одговорност и на двајцата, а од увидот во извршните исправи судот не утврди дека е утврден посебен дел од вкупната обврска спрема тужителот на секој од тужените посебно, па од тие причини бидејќи судовите утврдиле дека тужените му причиниле штета на тужителот во износ од 1.915.458,00 Евра неспорно произлегува и нивната солидарна одговорност при надоместувањето на штетата тужителот-доверител која се заснова на член 195 од ЗОО.

Од увидот во доказите - полномошно издадено од доверителот на адвокати помеѓу кои е Адвокат Ненад Јаниќевиќ судот утврди дека

извршителот оценил дека адвокатот како полномошник има уредно полномошно за поднесувањето на барање за присилно извршување на врз основа на извршни исправи и тоа пресуда П-4.бр.78/15 од 18.01.2016 година на ОС Штип и пресуда на АС Штип Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година, па откако утврдил дека полномошното на полномошниците се однесува на овластување за поведување и водење на извршна постапка пред извршител и надлежен суд и откако оценил дека барањето е уредно и е во согласност со приложеното полномошно го издал оспорениот налог за извршување.

Од увидот во налогот за извршување И.бр.610/21 од 22.07.2021 година се утврди дека согласно чл.210 ст.1 од ЗИ извршителот донел налог за извршување од сметката на должникот Винарска визба Имако вино ДООЕЛ Штип врз основа на извршните исправи П4-78/15 и Гж-.205/21 со што го задолжил носителот на платниот промет врз основа на овој налог по барање на доверителот од с-ката на должникот на сметката на извршителот во име и за сметка на доверителот согласно чл.210 од ЗИ да пренесе долг и тоа износ од 6.531,00 денар по основ надоместок за обработен предмет со вклучен 18% ДДВ долг во износ од 1.524,00 денари по основ извршни дејствија со вклучен 18% ДДВ, долг во износ од 217.710,00 денари по основ награда со вклучен 18% ДДВ, долг во износ од 111,00 денари по основ материјални трошоци, долг во износ од 71.791,00 денари по основ адвокатски трошоци по АТ, долг во износ од 580.101,00 денари по основ парнични трошоци и износ од 1.915.458,00 Евра со домицилна камата сметано од 27.07.2005 година до конечна исплата.

Од увидот во заклучокот И.бр.610/21 година од 22.07.2021 година судот утврди дека барањето за извршување на доверителот за спроведување на извршување против должникот ТДТПУ Имако увоз извоз Штип врз основа на споменатите извршни исправи го одбил бидејки субјектот повеќе не постои пред поднесувањето на барањето за извршување, а ова извршителот го утврдил од писмениот доказ прибавен од ЦР на РСМ податоци за избришан субјект од кој утврдил дека должникот ТД ТПУ Имако ДОО увоз извоз Штип е избришан во Централниот регистар со датум 18.02.2016 година врз основа на чл.552-б од ЗТД.

Од увидот во извршните исправи како и барањето за извршување судот утврди дека тужителот во пресудите е истото лице кое е и подносител на барањето за извршување, односно не постои несовпаѓање на називот на тужителот во извршните исправи со називот на доверителот во барањето за извршување.

Судот смета дека извршителот не сторил неправилност при донесувањето на налогот за извршување при пишувањето на името на доверителот од причина што доколку се продолжи со постапување по овој налог во тој случај извршителот нема да изврши исплата на рака на износот од налогот за извршување туку извршувањето ке се спроведе со пренос на паричното побарување преку неговата сметка на сметката на подносителот на барањето за извршување.

Ова значи извршителот правилно постапил при донесувањето на налогот за извршување не сторил неправилности при извршувањето и истото го спровел согласно одредбите од ЗИ.

Согласно член 374 ЗПП „Поднесената ревизија не го задржува извршувањето на правосилната пресуда против која е изјавена.“

Имено, согласно пропишаното во претходно цитираната законска одредба од чл.374 од ЗПП ревизијата е вонреден правен лек кој не го задржува извршувањето на правосилната пресуда против која е изјавена, поради што при одлучувањето судот ги ценеше наводите на должниците на околноста дека должниците до Врховниот суд на РСМ имаат изјавено ревизија која е од влијание при извршувањетог, но истите не ги прифати за основани и утврди дека извршителот издавајќи го оспориниот налог не постапил незаконито, ниту пак пропуштил да преземе определено законско дејствие.

Исто така судот ги ценеше и наводите на должникот дека должникот има поднесено и повторување на постапката во која се донесени пресудите врз основа на кои е издаден оспориниот налог за извршување, но во конкретниот случај судот смета дека овој факт е од ирелевантно значење при донесувањето на оспориниот налог при фактичка состојба кога барањето за извршување е поднесено врз основа правосилна и извршна судска пресуа на која сеупште не и се укинати клазизулите на правосилност и извршност. Овие наводи судот не ги прифати и од причина што во постапката по приговорот судот испитува и одлучува дали извршителот при извршувањето постапувал незаконито, или пак пропуштил да преземе определено законско дејствие, и при тоа приговорот мора да е образложен, аргументиран и поткрепен со соодветни докази,

Согласно член 148 ст.1 од ЗПП судот го задолжи должникот на доверителот да му ги надомести трошоците во постапката во износ од 56.724,00 денари од кои: 55.224,00 денари за состав на одговор на приговор пресметан на основица од 18.000,00 денари со зголемување од 100% за доверител странец (18.000,00 денари) со 30% паушал (10.800,00 денари) и 18% ДДВ 8.242,00 денари) како и 1.500,00 денари за судска такса за одговор на приговор.

Предвид претходно наведеното следуваше судот да одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД - ШТИП, 05.08.2021 година

Судија
Мери Гичева с.р.

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од три дена по приемот преку овој суд до Апелационен суд - Штип.

Д.Н. Три (3) решенија до Извршител Николчо Саздов од Св.Николе

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Должникот е должен да плати судска такса решение во износ од 24.000,00 денари на сметка на примач 100000000063095, примач Буџет на РМ, банка на примач НБРМ, уплатна сметка број 840 174 03359, приходна шифра 722213 00 за физички лица, односно уплатна сметка број 840 174 03338 приходна шифра 722211 00 за правни лица, во спротивно истата ќе биде наплатена зголемена за 50% на име казнена такса.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Доверителот е должен да изврши доплата на судика такса за одговор на приговор во износ од 4.500,00 денари на сметка на примач 100000000063095, примач Буџет на РМ, банка на примач НБРМ, уплатна сметка број 840 174 03359, приходна шифра 722213 00 за физички лица, односно уплатна сметка број 840 174 03338 приходна шифра 722211 00 за правни лица, во спротивно истата ќе биде наплатена зголемена за 50% на име казнена такса.